**УДК 821.163.3-4**

**Андреј Караџоски (Македонија)**

# КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ТРАНЗИЦИЈА: НАЦИОНАЛИЗМИ И ИНТЕРПРЕТАЦИИ

*Апстракт*: Трудот претставува самостојна студентска работа (есеј) работена во рамките на предметот Антропологија на културното наследство на студиите по етнологија и антропологија на Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ при УКИМ од Скопје. Во трудот ќе стане збор за едно размислување кое се однесува на промените што се случуваат во центарот на градот Скопје како резултат на поставувањето нови споменици и изградбата на нови музејски згради.

*Клучни зборови*: Скопје, Македонија, споменици, културно наследство, политика.

Честопати со другар ми кога поминуваме низ плоштад, знаеме да искоментираме неколку шегаџиски претпоставки за тоа како би се чувствувале македонските, или воопшто постоечките археолози на ова поднебје за десетина илјади години кога ќе се соочоат со, веројатно, најголемиот културен шок некогаш ископан од под земја. Замислете, на една страна имате споменик на комунистот Методија Андонов Ченто, па Триумфална порта, византиски императори и проповедници, Гоце Делчев, Даме Груев и група комити, Солунските атентатори (погрешно разбрани анархисти), старогрчка, австро-унгарска и социјалистичка архитектура, спомен – музеј за жртвите на комунизмот, па ајде како шлаг на тортата да ги додадеме и верските објекти, на пример. Тука исклучителен елемент ќе претставува и фалангата која во однос на својот војсководец ќе изгледа како армија од хобити. А пак војсководецот, Букефал Велики, јавнат од својот газда Ацо Гркот, ќе ја надминува висината на поголемиот дел од објектите во центарот на Скопје, така што ќе ја имаме честа од жабја перспектива да ги гледаме само неговите тестиси, за кои што заклучивме дека би било најдобро да бидат изведени како диско – топки. Така барем би се запечатило уште едно сеќавање на посебниот ноќен живот во градов кој што завршува пред да започне ноќта, а датира од антички период.

Сите овие специфики на нашата мила и драга „македонштина“ сигурно би им создале една огромна „збунка“ на археолозите присутни тука за десет илјади години, кога најверојатно цивилизацијата што денес ја познаваме веќе нема да постои, а во меѓувреме јас и другар ми Ристо продолжуваме да „тропаме глупости“ до одредени екстреми што чувствуваме дека сме станале способни да направиме пародија од се што ќе ни засмета. Всушност, кога подобро ќе размислам, оваа огромна желба за шегување со дејствата на актуелната власт и опозиција, освен што разбирливо е вродена во нашата ДНК онака како што е вкоренета во сржта на секој Балканец, е иницирана единствено од сиот тој циркуз што ни го приредува политиката и медиумот, дали на телевизија, радио, во живо, на мртво и така натаму... И несомнено можеме да кажеме дека сите, полека, но сигурно, стануваме свесни за исклучително тешкиот проблем што го има Македонија во однос на културата и нејзината закочена и вкочанета прогресија. Последни-

ве неколку децении, ко за белја, се некако стои в место, а не дека треба да се оди којзнае каде... треба само да се поправат запчаниците за кругот да може повторно да се заврти и да го заживее својот тек, да не биде повеќе оставен на милост и немилост на времето.

Но, додека ние разговараме и отворено дебатираме на овие теми, дивите копачи им ги „шиткаат“ артефактите на оние од врвот на хиерархиската пирамида, археолошките локалитети гнијат, народните носии ги јадат молци, ракотворбите се на распаѓање, музеите подобро да ги претвориме во џиновски аквариуми и да ги наполниме со рипчиња и ајкули, барем ќе постои нешто што за миг ќе ни ги оттргне мислите од оваа длабоко загазена и бесцелна ситуација. Шегата на страна, но навистина не ми е јасно какво е тоа културно наследство на кое треба да бидеме горди кога целиот негов историјат се искривува, ни се пласираат лажни артефакти кои не можеме ни да ги видиме, ниту пак да ги допреме, а за сметка на тоа се создава ново културно наследство што би требало да и служи на иднината, но некако чудно влегува во контрадикторност со идеологијата на оние што ѕидаат и само ја надополнува конфузната манџа што се готви во колективниот мозок на народот. Кога би ме прашале мене, пронајдените материјални сведоштва со свое потекло од праисторијата би требало да ни послужат за осознавање на една дамнешна и веќе изумрена култура која што битисувала на овие простори. Чисто се сомневам дека луѓето во минатото биле свесни за некакви национални идентитети и религиски припадности кога родовските уредувања во кои живееле ја наметнувале само потребата од елементарните, најнеопходни ресурси и не сносувале никаква тенденција за воздигање на сопствената супериорност, не за друго, ами затоа што такво нешто не постоело, не постои и нема да постои.

Но, наместо тоа, праисториските ископини кај нас служат за да го поткрепат етноцентризмот и да ја докажат елитистичката надмоќност на овој народ над сите останати. Едно време чувствував гадење гледајќи ги расистичките реклами на МТВ1 кои говорат за тоа дека „секој белец нам ни е брат затоа што белата раса во светот потекнува од Македонецот“ и дека „македонската држава и цивилизација се првите во светот и сите останати се инспирирани од нас“, притоа оставајќи огромна флека и страсно вршејќи измет врз она што се нарекува *образование* и *институција.* Како долгогодишните и макотрпни истражувачки дејности на нашите културни дејци, професори и научници веќе да го губат секое значење, секоја почит и како преку ноќ да се исплукани со најпогрдни изрази и фрлени во вода да се удават така бедни и безнадежни какви што изгледаат во сенката и лагата на пропагандата наречена „патриотизам“. Сега веќе сите тие работи ми се некако смешни и ги перцепирам само како едно огромно, глупаво, медиокритетско, конформистичко и идиотско реално шоу. Нешто како „Големиот Брат“, но наместо затворот да е куќа на изживувањето, тој е распространет помеѓу четирите „ѕида“ на нашата мила и неизживеана Македонија.

Но, она што навистина ме плаши до безнадежност е фактот дека целата позадина и основа поставена за изградба на едно сосема здраво, напредно и модерно општество е до толку осквернавена што речиси и да нема назад. Макотрпната работа на политичарите да ги исперат мозоците на луѓето е, за жал, успешно реализирана, а сите знаеме дека потребно е драгоцено време за да се измени менталитетот на еден народ, а уште повеќе за неговите досегашни навики да се згушат и здробат под чизмата на една новопорасната диктаторска култура на смртта.

Во овој транзициски период на нашата историја сведоци сме на една ужасна слика која ни покажува колку е свирепо и проклето тешко да преживее една чо-

вечка единка во ова „квази - западњачки настроено“ општество, а камо ли да се загарантира живот на цела една плејада културна оставштина, материјално и духовно наследство. Како што во една прилика професорот Ристески истакна дека иако во се уште неизгубениот ритуал или обред на македонскиот селанец се пренесуваат и успешно чуваат суштествени информации за нашето духовно, материјално и социјално минато, ние, сепак, како да и вртиме грб на комуникацијата, како да заборавааме дека основниот и најсилниот пат на преданијата во нашата култура е усното творештво, како да забораваме да зборуваме. И тоа несомнено е така, но веројатно тој проблем е подлабоко вкоренет кај нас заради самиот карактер на овдешната култура – духовното културно наследство да се пренесува по устен, а не по пишан пат. Но, самото занемарување на овие карактерни особини и заборавањето да се воспостави комуникација со веќе изумирачкиот медиум кој не спојува со минатото и нашите карактеристики во него, е доволно за да може да се каже дека ние буквално, како нација, му вртиме грб на културното наследство. Иако кампањите за негово зачувување и конзервирање одат до таа крајност што самите пропагатори си поставуваат една фундаментална проблематика – да не знаат од каде точно да почнат со работа, тие истите вршат обиди на многу погрешен начин да не информираат за постоењето на материјалниот и духовниот артефакт. Развитокот на културниот и социјалниот соодносот во рамките на една „специфична“ култура не може да се оствари со заборавање на неговите основи, неговите темели, а притоа да се надоградува со екстремно перверзно пренатрупување на слободниот простор за движење со измислени или извитоперени културни симболики.

Како и да е, веќе по нашите плоштади парадираат бикови, шмизли, маски на лицемерието, нашите мостови ги чуваат лавови (кои веројатно одамна изумреле на ова тло, ако воопшто некогаш постоеле) и лавови – роботи (кои изгледаат како да се излезени директно од „Војна на ѕвездите“), ридовите се испирсани со верски објекти, крстните куполи и минариињата полека, но сигурно, ни го попречуваат погледот упатен кон небото и не ни оставаат простор да ги воспримиме ретките зраци на толку екстремно обожуваното сонце, а народот е оставен на своите стресови, „божјите“ домови му ги затвараат портите пред нос, здравствените клиники поверодостојно работат со уцени и дрскост наместо со сини картони и љубезност, а господарот Саурон будно го вперил своето пеколно око на нас и тешко дека ќе ни даде да мрднеме во следниве неколку години. Назгулите, или ако повеќе сакате – Алфа мажјаците не имаат на дофат за да ни го продадат моралот по кој и тие самите често знаат да уринираат и да не упатат во длабочините на недоволно спознаената култура, та да не научат што е културно, а што не.

Кутрата Магна Матер, чуварот на нашите домови, веќе е узурпирана и изгонета од својата духовна, но профана положба, нејзиното млеко бидува исцедено, а нејзините гради откорнати до тој степен на алчност и дрскост што таа поскоро ќе стане наша масовна гробница, отколку прегратка и љубов што ни нуди засолниште под разјареноста и гневот на боговите. Празните приказни за доаѓањето на апокалипсата и стравот од огнените јазици и трозабецот на Амбисот ги оковуваат човечките срца, а црквата постојано и се позасилено го осудува нивното принесување жртви на светците. Крајот на светот не треба до прва да дојде, ние веќе го потпомогнавме неговиот почеток истурајќи го градот од сопствените комплекси врз културното наследство и неговите вистински вредности на еден немилосрден и апокалиптичен начин.